[redacted]

Адвокатско друштво
ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar: | 06-03-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| [redacted] | | | |


До: **Министерство за финансии**
**Сектор за правни работи**

Од: **Адвокатско друштво**
**ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ Скопје**
**ул. 8ма Ударна Бригада бр. 43/3 Скопје**
**+389 2 3115 205; +389 71 227 163**

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), од имателот ја бараме следната информација од јавен карактер:

- **Вкупно остварени приходи во Република Северна Македонија за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година:**
  - i. **по основ на акциза на цигари,**
  - ii. **по основ на акциза на тутунски добра,**
  - iii. **по основ на акцизи при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и**
  - iv. **по основ на акцизи при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи)**

- **Учество во % (проценти) на секој од вкупно остварените приходи по основ на акциза на цигари, на тутунски добра, при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи) во вкупните приходи за 2023 година на Буџетот на Република Северна Македонија**

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
**б) препис**
в) фотокопија
г) електронски запис
д) друго_______________________________________________
( се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
**а) по пошта**
б) телефон
в) факс
г) е-маил
д) друго_______________________________________________
( се наведува бараниот начин, со заокружување)

Адвокатско друштво
ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ

Барател на информацијата:

**Адвокатско друштво ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ Скопје. ул. 8ма Ударна Бригада бр. 43/3 Скопје; 02 3115 205; 071 227 163 ([redacted]**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

***Скопје, 06.03.2024 година***

**За Адвокатско друштво**
**ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ**
**Скопје**

**Владимир Боцевски, Адвокат**

АДВОКАТСКО ДРУШТВО
ЧАКМАКОВА
АДВОКАТИ
СКОПЈЕ
ул.8 Ударна бригада бр.43/3, 1000 Скопје, Македонија

АДВОКАТ
ВЛАДИМИР БОЦЕВСКИ
ул. 8-ма Ударна бригада бр.43/3
Тел. 3115-205; 3233-699
Скопје

ул. 8 Ударна бригада бр.43/3, 1000 Скопје, Македонија
Тел. 02/ 3233 599; 02/ 3115 205 Факс: 02/ 3111 521
info@cakmakova.com • www.mlca.com.mk • www.cakmakova.com

Архивски број: [redacted]
Датум:

20-03-2024

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и член 8 став 1, став 2 алинеја 1 и став 3 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/2020), постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот Адвокатско друштво ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ, Министерството за финансии во својство на имател на информации донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено до Министерстовото за финансии од барателот [redacted] под број [redacted] година, **СЕ УВАЖУВА.**

2. Министерството за финансии како имател на информацијата **ОВОЗМОЖУВА** пристап и запознавање на барателот до бараните информации.

## *О б р а з л о ж е н и е*

До Министерството за финансии доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на барателот [redacted] под број [redacted] година.

Со предметното Барање од Министерството за финансии се бара: „Вкупно остварени приходи во Република Северна Македонија за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година:

1. По основ на акциза на цигари;

2. По основ на акциза на тутунски добра;

3.По основ на акцизи при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и

4. По основ на акцизи при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи)

Учество во % (проценти) на секој од вкупно остварените приходи по основ на акциза на цигари, на тутунскли добра, при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи) во вкупните приходи за 2023 година на Буџетот на Репулика Северна Македонија“.

Министерството за финансии во својство на имател на информации го разгледа предметното Барање, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

нормирани во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по предметното барање Министерството за финансии врз основа на информациите со кои располага информира за следново:

- на уплатната сметка 840***02026 - дел од акциза на цигари во износ од 0.053 денари/парче за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година остварени се приходи на вкупен износ од 192.571.746,00 денари;
- на уплатната сметка 840*02117- акциза на тутунски добра за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година остварени се приходи на вкупен износ од 6.636.951.644,00 денари;
- на уплатната сметка 840*05717- акциза при увоз на тутунски добра (преработки од тутун) за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година остварени се приходи на вкупен износ од 7.210.270.282,00денари.

Во однос на барањето за остварени приходи по основ на акцизи при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи), Ве известуваме дека за истото не е пропишана уплатна сметка во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување, поврат и пренасочување на јавните приходи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 188/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/21).

Воедно, во однос на барањето за учество во % (проценти) на секој од вкупно остварените приходи по основ на акцизи во вкупните приходи за 2023 година на Буџетот на Република Северна Македонија, ве известуваме дека податоци за остварени вкупни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија се објавени на веб страната на Министерство за финансии.

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за финансии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на Сектор
Татјана Васева

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот на информацијата

[redacted]


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ministria e Financave e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255 442
www.finance.gov.mk